Врз основа на член 53 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13), министерот за труд и социјална политика донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ, КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА
**(Консолидираниот текст*)**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови, критериуми и начинот на остварување на правата за заштита на децата и тоа за: детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче и родителски додаток за дете.

I. Детски додаток

Член 2

(1) Правото на детски додаток го остварува еден од родителите на детето или друго лице согласно Законот за заштита на децата.

(2)Ако двајцата брачни другари можат да остварат право на детски додаток, треба да се спогодат кој од нив ќе го оствари правото кое може да се оствари само по еден основ.

Член 3

При утврдување на право на детски додаток за дете од разведен брак како приходи врз основа на кои се утврдува материјалната состојба на семејството се сметаат приходите на родителот кај кого детето живее, како и приходите на останатите членови на семејството.

Член 4

(1)При утврдување на право на детски додаток на дете родено во вонбрачна заедница како приходи врз основа на кои се утврдува материјалната состојба на семејството се сметаат приходите на двајцата родители кои живеат во вонбрачната заедница, како и приходите на останатите членови на семејството.

(2)При утврдување на право на детски додаток за дете родено вон брак како приходи врз основа на кои се утврдува материјалната состојба на семејството се сметаат приходите на родителот кај кого детето живее, како и приходите на останатите членови на семејството.

Член 5

(1) За утврдување на материјалната состојба на семејството пензиските примања, надоместоците за невработени лица, примањата по основ на

постојана парична помош или социјална парична помош се зема износот на тие примања исплатени во претходната година.

(2)Доколку подносителот на барањето или член на неговото семејство во текот на годината оствари пензија, надоместок за невработени лица или пак стане корисник на постојана парична помош, за утврдување на материјалната состојба на семејството се зема месечниот износ од решението по кое е признаено правото.

Член 6

За утврдување на материјалната состојба на семејството за подносителот на барањето или на член на неговото семејството кои прв пат ќе се вработат во тековната година, кои биле на неплатено отсуство, или кои повторно ќе се вработат во тековната година, се зема нето платата остварена во првиот полн месец по вработувањето, односно по продолжување со работа.

Член 7

(1) За самохран родител на дете за кое се остварува право на детски додаток, во смисла на овој правилник, се смета родител на :

- дете кое го издржува, ако другиот родител е починат;
- дете кое по смртта на еден родител остварило право на семејна пензија, а другиот родител е во работен однос;
- дете кое по смртта на еден родител остварило право на семејна пензија, а другиот родител не е во работен однос;
- дете од разведен брак ако родителот кај кого детето живее не живее во брачна, односно вонбрачна заедница;
- дете на кое едниот родител е непознат;
- дете на кое едниот родител се води за исчезнат.

(2) Самохран родител остварува право на детски додаток, доколку детето живее кај него и доколку се исполнети условите согласно Законот за заштита на децата и овој правилник.

Член 8

(1)Промената во материјалната и семејната состојба влијае на оствареното право на детски додаток од првиот ден на наредниот месец од настанување на промената, и тоа во случаи на: стекнување имот, смрт, прекин на школување, вработување, престанок на вработување, новороденче и др.

(2)Во текот на користењето на правото на детски додаток, право на детски додаток за новородено дете се стекнува во месецот на раѓањето на детето, а доколку барањето се поднесе по 15 дена од денот кога е детето родено, подносителот на барањето со правото на детски додаток за дете ќе се стекне наредниот месец од месецот на поднесеното барање.

(3) При промена на степенот на образование на детето ( од основно во средно образование) за промена на висината на детскиот додаток, корисникот на правото доставува потврда за запишано средно образование на детето, односно наод и мислење од комисија при Фондот на пензиското и инвалидското

осигурување на Македонија за утврдување на неспособноста на детето поради која не може да се образува, односно да го продолжи образованието.

(4) Доказите од ставот (3) на овој член се доставуваат со почеток на учебната година до крајот на месец септември.

Член 9

Промените во материјалната состојба на корисникот на правото и членовите на семејството кои настануваат во текот на годината влијаат на оствареното право на детски додаток, и тоа во случај на:

- бришење или запишување во соодветниот регистар на трговско друштво, установа и друго правно лице кое врши стопанска дејност и друго правно лице кое врши дејност на јавна служба и друго домашно и странско правно лице кое вработува работници;
- престанок или почеток на вршење на самостојна дејност или професија по бришење или запишување во соодветниот регистар;
- отуѓување (продажба, замена, подарок на недвижен имот или дел од недвижен имот), од моментот на заверување на договорот;
- не прифаќање на наследство од денот на смртта на оставителот;
- откажување од наследство, односно наследен дел од имотот во корист на друг наследник од денот на давањето на наследничка изјава;
- денационализација на национализиран имот, од денот на враќање на национализираниот имот;
- експропријација на имот или дел од имот, по преземање на имотот од страна на оној во чија корист е извршена експропријација.

Член 10

При остварувањето на правото на детски додаток, доколку подносителот на барањето (родител) достави доказ дека тој или член на неговото семејство не примил плата, доставува доказ за висината на нето платата што му припаѓа по решение или договор за вработување.

Член 11

(1)Подносителот на барањето за продолжување на правото на детски додаток кон барањето поднесува/обезбедува докази за неговата материјална состојба и на членовите на неговото семејството, а докази за семејната состојба само доколку настанале промени.

(2) Покрај доказите од ставот (1) на овој член во зависност од возраста на детето се доставува и: за дете од училишна возраст кое е на редовно школување - потврда за редовно школување издадена од установата во која се образува, односно потврда за вонредно школување издадена од установата во која се образува (врз основа на потврда издадена од соодветен лекар); за дете кое наполно и трајно или за подолго од една година ќе остане неспособно за работа пред наполнети 15 години живот или за време на редовното школување - потврда од соодветен лекар; за дете над 15 годишна возраст кое наполно и трајно или за подолго од една година ќе остане неспособно за работа по

наполнети 15 години живот или за време на редовното школување и за дете на кое му е признаено правото на работно оспособување се до неговото успешно завршување, но најдолго до навршување на 18 години живот - наод и мислење од комисија при Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, за утврдување на неспособноста,доколку има промена и за член на семејство кој е на редовно, односно вонредно студирање поради болест - потврда за редовно/вонредно студирање.

Член 12

Детскиот додаток се исплатува на родителот или старателот кој се грижи за издржувањето на детето, како и на лице на кое со решение на надлежен центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејство со него.

II. Посебен додаток

Член 13

Правото на посебен додаток го остварува еден од родителите на детето или друго лице согласно Законот за заштита на децата.

Член 14

(1) За дете кое е институционално згрижено на товар на државата, се остварува право на посебен додаток за време кога детето се наоѓа на распуст (зимски и летен), за три месеци сметано од 1 јуни тековната година.

(2) Правото од ставот (1) на овој член се остварува по барање поднесено најдоцна 15 дена од отпочнување на летниот распуст.

Член 15

(1) Ако во наодот и мислењето за видот и степенот и оцена на попреченоста на детето во телесниот или менталниот развој издаден од соодветниот стручен орган бил препорачан контролен преглед односно повторен преглед-контрола или рекатегоризација се поднесува нов наод и мислење за видот и степенот и оцена на попреченоста на детето во телесниот или менталниот развој издаден од соодветниот стручен орган.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член, од страна на центарот за социјална работа најдоцна еден месец пред истекот на датумот на контролниот преглед односно повторниот преглед-контрола или рекатегоризација писмено се известува корисникот на правото дека треба навремено да ги достави наодот и мислењето за видот и степенот и оцена на попреченоста на детето во телесниот или менталниот развој.

(3) Ако новиот наод и мислење од ставот (1) на овој член не се поднесе и по писменото известување од ставот (2) на овој член, користењето на правото на посебен додаток престанува, освен во случаите кога од оправдани причини (болест или лекување на детето или од оправдани причини стручниот орган не можел навреме да изврши преглед- контрола), корисникот на правото не бил во

можност навремено да ги достави, во кој случај постапката се запира се до донесување на нов наод и мислење за видот и степенот и оцена на попреченоста на детето во телесниот или менталниот развој издаден од соодветниот стручен орган.

(4) За оправданите причини од ставот (3) на овој член, корисникот на правото најдоцна 15 дена од денот на настанувањето на оправданите причини, писмено го известува надлежниот центар за социјална работа и доставува доказ (потврда) за оправданата причина издаден од надлежна здравствена установа, односно стручниот орган.

Член 16

(1)Посебен додаток се исплатува на родителот или старателот кој се грижи за издржувањето на детето, како и на лице на кое со решение на надлежен центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејство со него.

(2)Во случаите кога детето нема родители и не е под старателска грижа, од страна на центарот за социјална работа по службена должност се врши старателската функција и може одделни работи да се доверат да се вршат од стручни лица во негово име и под негов надзор, само за остварување на правото на посебен додаток и негова исплата.

(3) На самохран родител на кој му се сменил статусот по основ на кој го остварил правото на посебен додаток (склучување на брачна заедница, започнување на вонбрачна заедница или враќање на исчезнатиот родител), правото на користење на посебен додаток за самохран родител кој има дете со специфични потреби, кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот, му престанува првиот ден од наредниот месец од месецот во кој настанала промената.

(4) Доколку во текот на користење на правото на посебен додаток корисникот стане примател на социјална парична помош и постојана парична помош, центарот за социјална работа по службена должност издава решение за користење на правото на посебен додаток во зголемен износ за 25%, од првиот ден на наредниот месец од месецот во кој е остварено правото на социјална парична помош и постојана парична помош, без претходно поднесено барање од страна на корисникот (родителот).

(5) На материјално необезбеден родител, на кој му се сменил статусот по основ на кој го остварил правото (му престанало правото на социјална парична помош и постојана парична помош), правото на користење на посебен додаток за материјално необезбеден родител кој има дете со специфични потреби, кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот, му престанува правото на посебен додаток за материјално необезбедени родители првиот ден од наредниот месец од месецот во кој настанала промената.

(6) По престанување на основот за користење на правото на посебен додаток од став (5) на овој член, центарот за социјална работа по службена должност издава решение за продолжување на правото на посебен додаток, во намален

износ за 25%, сметано од првиот ден на наредниот месец од месецот во кој му престанало правото на социјална парична помош и постојана парична помош.

III. Еднократна парична помош за новороденче

Член 17

Правото на еднократна парична помош за новороденче се обезбедува на семејството за прво новородено дете на мајката, како и за прво посвоено дете доколку мајката нема прво новородено дете, согласно Законот за заштита на децата.

Член 18

(1) Правото на еднократна парична помош за новороденче се остварува по поднесено барање до центарот за социјална работа надлежен за подрачјето на кое мајката има постојано место на живеење.

(2) Во случај кога мајката не е државјанин на Република Македонија, а склучила брак со државјанин на Република Македонија и има лична карта за странец издадена од Министерство за внатрешни работи, барањето за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче го поднесува таткото - државјанин на Република Македонија, до центарот за социјална работа надлежен за подрачјето на кое таткото има постојано место на живеење.

IV.Родителски додаток за дете

Член 19

(1) Во текот на користењето на правото на родителски додаток за дете, за кое е остварено правото, корисникот на правото редовно доставува доказ за извршена задолжителна вакцинација.

(2) Правото на родителски додаток за дете продолжува да се остварува и во случај кога од оправдани причини не може да се изврши вакцинацијата согласно закон, за што корисникот на правото доставува доказ од соодветна здравствена установа, дека вакцинацијата не може да се изврши.

(3) По отстранување на причините од ставот (2) на овој член, корисникот на правото доставува потврда од соодветна здравствена установа, за дополнително извршена вакцинација на детето.

Член 20

(1)Со запишување во задолжително образование на детето за кое е остварено правото на родителски додаток за дете, корисникот на правото доставува доказ (потврда) дека детето е запишано во училиште и редовно ја следи наставата со започнување на учебната година, а најдоцна до крај на месец септември.

(2)Доказот (потврдата) од ставот (1) на овој член корисникот на правото го доставува при продолжувањето на правото на родителски додаток за дете, како и два пати во текот на учебната година и тоа во месеците октомври и мај секоја учебна година додека трае користењето на правото.

Член 21

За здравствените прегледи и контроли кои мајката ги вршела за време на бременоста се приложува потврда од избран лекар-специјалист по гинекологија и акушерство кој земајќи ја предвид целокупната медицинска документација за време на бременоста (без оглед во кои здравствени установи се вршени прегледите и контролите), потврдува дали мајката имала или немала извршено здравствени прегледи и контроли за време на бременоста.

Член 22

(1) Кога кај мајка корисник на право на родителски додаток за дете, настанале промени (смрт, напуштање на детето или од оправдани причини мајката да е спречена непосредно да се грижи за детето - подолготрајно континуирано болничко лекување на мајката; сериозно нарушена здравствена состојба на мајката; студиски престој, усовршување и специјализација на мајката; одземена деловна способност на мајката), за секоја настаната промена во однос на мајката, таткото односно старателот на детето најдоцна 15 дена од денот на настанување на промената, писмено го известува надлежниот центар за социјална работа за настанатата промена.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член исплатата на родителскиот додаток се запира и се поведува нова постапка за остварување односно продолжување на правото на родителски додаток за дете.

Член 23

(1)Ако оправданите причини согласно закон поради кои со правото на родителски додаток за дете се стекнал таткото односно старателот на детето престанале, таткото односно старателот писмено го известува надлежниот центар за социјална работа за престанокот на причините најдоцна 15 дена од денот на нивното престанување.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член исплатата на родителскиот додаток се запира и се поведува нова постапка за остварување односно продолжување на правото на родителски додаток за дете на мајката.

V.Преодна и завршна одредба

Член 24

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за условите, критериумите и начинот за остварување на правата за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/03 и 70/04) и Правилникот за поблиските услови, критериуми и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче и на

правото за родителски додаток за дете („Службен весник на Република Македонија“ бр. 163/08 и 34/09) освен одредбите кои се однесуваат на родителскиот додаток за дете (за трето и четврто дете) кои ќе продолжат да се применуваат до завршување на периодот на користење на родителскиот додаток за дете (за трето и четврто дете) за стекнато право на родителски додаток за дете (за трето и четврто дете) во постапката на нивно користење.

Член 25

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јуни 2015 година.

---

* Консолидираниот текст на Правилникот за поблиските услови, критериуми и начинот за остварување на правата за заштита на децата ги опфаќа: Правилникот за поблиските услови, критериуми и начинот за остварување на правата за заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/13,): Правилникот за изменување и дополнување поблиските услови, критериуми и начинот за остварување на правата за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“51/14) и Правилникот за изменување и дополнување поблиските услови, критериуми и начинот за остварување на правата за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“43/15)